**КОНФЕРЕНЦИЈА ЕВРОПСКАТА ТЕРИТОРИЈАЛНА СОРАБОТКА во Софија, Бугарија, октомври 2015 година**

Конференцијата „Европска територијална соработка во Република Бугарија – Достигнувања кои носат нови перспективи", организирана од страна на Министерството за регионален развој и јавни работи на Република Бугарија, се одржа на 13 октомври 2015 година во Софија.
На конференцијата присуствуваа Главниот ревизор за ИПА на РТ, Помошникот на ГРИПА за ИПА ПГС компонентата, Помошникот на ГРИПА за компонента Регионален развој и еден помлад ревизор од ИПА ПГС компонентата, како претставници од Ревизорското тело.

На крстопатот на двата програмски периоди, овој настан претставува официјално стартирање на програмите INTERREG 2014-2020 година кои ги управува Република Бугарија (Бугарија-Македонија, Бугарија-Турција, Бугарија-Србија), а воедно и драгоцен форум за претставување на постигнатото и добрите примери од програмите на Европската територијална соработка во претходниот период. На конференција присуствуваа претставници на институции и тела вклучени во процесот на територијална соработка: Европска Комисија, Тела за управување и Национални тела, регионални и локални тела, корисници и други заинтересирани страни.
Се одржа и церемонија на прогласување на најдобрите проектни практики во рамките на ЕТС програмите во периодот 2007-2013 година.